# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**26.11.2021 год.** **Бр.XVIII**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014; 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на актите донесени на 3-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 25.11.2021 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 3-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 25.11.2021 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-1253/1 од 25.11.2021 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 3-та седница, одржана на 25.11.2021 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 2-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 10.11.2021 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-1206/3 од 25.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 до Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014), а во врска со член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација („Службен весник на РМ” бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 26/16 и 178/16 и „Службен весник на РСМ” бр.122/21), Советот на Општина Крушево на седницата, одржана на 25.11.2021 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За резервирани средства за експропријација на Буџетот на општина Крушево за 2021 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се потврдува дека во Буџетот на Општина Крушево за 2021 година се резервирани средства за експропријација во вкупен износ од 170.000,00 денари, расходно конто 485.420 надомест за одземен имот ЕА.

**Член 2**

Средствата од став 1 од овој член ќе се искористат во постапката за експропријација при реализација на јавен интерес на локално значење.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1206/4 од 25.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 143 став 1 од Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр.36/2004; 49/2004; 86/2008; 124/10; 18/11; 93/12; 41/14; 129/15; 71/16; 106/16; 83/18 и “Сл.весник на РСМ“ бр.215/21), одлуката за донесување на единствена методологија за проценка на штетите од елементарни непогоди („Сл.весник на Р.М.“ бр.75/01), Уредбата за

начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи („Сл.весник на Р.М.“ бр.98/2005 и 152/2010), член 22 став 1 точка 10 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 18 став 1 точка 10 и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Службен гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.11.2021 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Елаборатот за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природна непогода-град**

**Член 1**

Се усвојува Елаборатот за проценка и утврдување на висината на штетата од природна непогода-град, што ја зафати Општина Крушево во атарот на селата Алданци, Пресил, Врбоец, Свето Митрани, Бучин и Милошево на 21.06.2021 година.

Составен дел на оваа одлука е Елаборатот од Комисијата за проценка на штети од елементарни непогоди на Општина Крушево бр.03-707/2 од 16.08.2021 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1206/5 од 25.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и 15, член 64 став 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 3 став 2, член 18 став 1 и член 20 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на Р.М.” бр.78/15; 106/15; 153/15; 190/16; 21/18 и „Сл.весник на РСМ” бр.101/19, 275/19 и 122/2021) и член 21 став 1 точка 38 и 50 и член 133 став 2 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.11.2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**
***за отварање на Спомен соба на Васил Ибоски***

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува отворање на Спомен соба на Васил Ибоски во Општина Крушево.

**Член 2**

Спомен собата ќе биде сместена во просторија на долниот кат на Горната училишна зграда на ул.”Мише Ефтим” бр.54а, КП бр.5183 КО Крушево, сопственост на Општина Крушево врз основа на имотен лист бр.6473.

**Член 3**

Во просторијата од член 2 на оваа Одлука ќе се изложат експонати кои претставуваат лични предмети и оригинални ракописи на Васил Ибоски кои ќе бидат отстапени на Општина Крушево од страна на неговите потомци.

**Член 4**

Грижата за Спомен собата и поставкат се доверува на ОУ Дом на култура “Наум Наумовски-Борче” Крушево.

**Член 5**

Примопредавањето на експонатитите ќе се изврши помеѓу претставници од потомците на Васил Ибоски, претставници на Општина Крушево и претставници на Домот на културата, за што ќе се состави записник.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1206/6 од 25.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 67 став 6 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на Р.М.” бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18 и „Сл.весник на Р.С.М.” бр.104/19; 146/19; 275/19; 88/20 и 311/20), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Службен гласник на Општина Крушево бр. 1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.11.2021 година, донесе:

***О Д Л У К А***
***за утврдување на работното време во ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време во ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево.

**Член 2**

Почетокот на работното време се утврдува во 6,00 часот, а завршетокот во 16,30 часот.

Работното време на вработените во Детската градинка изнесува 40 часа неделно.

Работното време заради природата на работата за воспитувачот и негувателот се распределува на работно време поминато со деца и останатото работно време за други програмски активности.

Работното време поминато со децата, како дел од вкупните програмски активности, во рамките на полното работно време за воспитувачот изнесува 30 часа во неделата, а за негувателот 35 часа во неделата.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Крушево".

**Бр.08-1206/7 од 25.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 34 и член 53 став 1 и 2 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/07; 16/14; 7/19 и 7/20), во врска со член 88 од Законот за средното образование (“Сл.весник на Р.М.” бр.44/95; 24/96; 34/96; 35/97; 82/99; 29/02; 40/03; 42/03; 67/04; 55/05; 113/05; 35/06; 30/07; 49/07; 81/08; 92/08; 33/10; 116/10; 156/10; 18/11; 51/11; 6/12; 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16; 67/17; 64/18; 161/19 и 229/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.11.2021 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на членови на УО на Средно Општинско Училиште “Наум Наумовски-Борче” Крушево**

1. Од членови на УО на СОУ ”Наум Наумовски-Борче” Крушево се разрешуваат: Оливера Чавкар, Љубица Степаноска и Наум Илиески, заради истек на мандатот;

2. Примерок од ова Решение да се достави до именуваните, СОУ”Наум Наумовски-Борче” Крушево и Архивата на Општина Крушево.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1206/8 од 25.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 34 и член 53 став 1 и 2 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/07; 16/14; 7/19 и 7/20), во врска со член 88 од Законот за средното образование (“Сл.весник на Р.М.” бр.44/95; 24/96; 34/96; 35/97; 82/99; 29/02; 40/03; 42/03; 67/04; 55/05; 113/05; 35/06; 30/07; 49/07; 81/08; 92/08; 33/10; 116/10; 156/10; 18/11; 51/11; 6/12; 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16; 67/17; 64/18; 161/19 и 229/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.11.2021 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на членови на УО на Средно Општинско Училиште “Наум Наумовски-Борче” Крушево**

1. За членови на УО на СОУ ”Наум Наумовски-Борче” Крушево се именуваат:

- Оливера Чавкар.
- Љубица Степаноска.
- Менка Ќукоска.

2. Членовите на УО на СОУ”Наум Наумовски-Борче” Крушево се именуваат за период од 4 години.

3. Примерок од ова Решение да се достави до именуваните, СОУ”Наум Наумовски-Борче” Крушево и Архивата на Општина Крушево.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1206/9 од 25.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 100 став 3 и член 101 од Законот за здравствената заштита (“Сл.весник на Р.М.” бр.43/12; 145/12; 10/13; 38/13; 65/13; 87/13; 164/13; 39/14; 43/14; 101/14; 132/14; 188/14; 10/15; 61/15; 154/15; 192/15; 17/16; 37/16; 93/17; 20/19; 101/19; 153/19 и 275/19) и член 21 став 1 точка 34 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на сендицата одржана на 25.11.2021 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на член на УО во Здравствен Дом Крушево**

1. Од член на Управен одбор на Здравствен Дом Крушево СЕ РАЗРЕШУВА, Михајло Кузманоски од Крушево, заради неоправдано отсуство од седниците на Управниот одбор.

2. За член на УО на Здравствен Дом Крушево СЕ ИМЕНУВА
- Николина Шапе.

2. Мандатот на членот на УО ќе трае 4 (четири) години;

3. Решението влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

4. Примерок од решението да се достави до резрешениот и именуваниот, Здравствен Дом Крушево и Архива на Општина Крушево.
**Бр.08-1206/10 од 25.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 26 од Законот за Јавни претпријатија (“Сл.весник на Р.М.” бр.38/96, 6/02, 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18; 35/19 и „Сл.весник на Р.С.М.” бр.275/19), 36 став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 34 и член 53 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.11.2021 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за разрешување и именување на член на Надзорен одбор на ЈП Комуна Крушево***

1. Од член на НО на ЈП „Комуна” Крушево СЕ РАЗРЕШУВА Андреј Николоски.

2. За член на НО на ЈП „Комуна” Крушево **СЕ ИМЕНУВА:**
- Нико Јуца;

3. Мандатот на членот на НО на ЈП „Комуна“ Крушево трае во рамките на мандатот на НО;

4. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, ЈП „Комуна“ Крушево и Архивата на Општина Крушево;

5. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево;
**Бр.08-1206/11 од 25.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 89а став 1 алинеја 2 од Законот за средното образование (“Сл.весник на Р.М.” бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16; 67/17; 64/18 и „Сл.весник на Р.С.М.” бр.229/20), член 22 став 1 точка 8 и 13; член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 8 и 13 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.11.2021 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за прифаќање на Годишниот- Извештај за учебната 2020-2021 г. на СОУ “Наум Наумовски-Борче” Крушево***

1. **СЕ ПРИФАЌА** Годишниот Извештај за учебната 2020-2021 година на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево, бр.01-365/1 од 31.08.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од Заклучокот да се достави до СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево и Архивата на Општина Крушево.
**Бр.08-1206/12 од 25.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 89а став 1 алинеја 2 од Законот за средното образование ("Сл.весник на Р.М." бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16; 67/17 ; 64/18 и „Сл.весник на Р.С.М." бр.229/20), член 22 став 1 точка 8 и 13; член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 став 1 точка 8 и 13 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.11.2021 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за прифаќање на Годишната Програма за учебната 2021-2022 г. на***
***СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево***

1. **СЕ ПРИФАЌА** Годишната Програма за учебната 2021-2022 година на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево, бр.01-364/1 од 31.08.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од Заклучокот да се достави до СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево и Архивата на Општина Крушево.
**Бр.08-1206/13 од 25.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 2 и член 168 од Законот за заштита на децата ("Сл.весник на Р.М." бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18 и 198/18 и "Сл.весник на Р.С.М" бр. 104/19; 146/19; 275/19; 88/20 и 311/20), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 став 1 точка 7, член 21 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.11.2021 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за прифаќање на Годишната-Програма за работата на***
***ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево за учебната 2021-2022 година.***

1. **СЕ ПРИФАЌА** Годишната-Програма за работа на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка "Гонча Туфа" Крушево за учебната 2021-2022 година, бр.01-131/1 од 27.09.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-1206/14 од 25.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 64 став 5 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на Р.М." бр.23/2013; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18 и „Сл.весник на Р.С.М." бр.104/19; 146/19; 275/19; 88/20 и 311/20), член 36 став 1 точка 4 и 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 33 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.11.2021 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**на ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево за работа во групи**
**со поголем број на деца, односно со помал број на деца**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево, да организира работа во групи со поголем број на деца, односно помал број на деца од бројот на деца утврдени во член 64 став 2 и 3 од Законот за заштита на децата;

2. Оваа Согаласност влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево;

3.Примерок од Согласноста да се достави до ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево и Архива на Општина Крушево.
**Бр.08-1206/15 од 25.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 14, член 34 и член 36 од Законот за јавните патишта ( Сл .весник на РМ 84/2008 , 52/2009, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14,166/14, 44/15,116/15 и 150/15, 31/16, 71/16,163/16 и Сл.весник на РСМ“број 174/2021),член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка15 од Законот за локалната самоуправа (,,Сл. весник на РМ,,бр.5/2002) и член 18 став 1 точка 4 и член 21 став 1 точка 12 и 50 од Статутот на Општина Крушево (Сл.гласник на Општина Крушево бр.1/2007,16/14,7/19 и 7/20),Советот на Општината Крушево на седницата одржана на 25.11.2021 година донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за организирање и функционирање на зимското одржување на улици и општинските патишта на подрачјето на Општина Крушево за сезоната 2021/2022 година**

**1. Општ дел**
Со оваа Програма се предвидува организирање и функционирање на зимското одржување на улиците и општинските патишта на подрачјето на Општина Крушево за **сезоната 2021/2022** година.

Програмата има за цел да предвиди активности за ефикасно организирање и функционирање на зимското одржување на улици и општинските патишта на Општина Крушево преку :

- определување на обемот на работите и нивото на чистење на снегот и голомразицата на коловозната површина ;
- дефинирање на работите и обврските на сите учесници одговорни за нејзината реализација ;
- определување на потребната механизација, опрема, материјални и работни сили и определување на потребни финансиски средства.

**2. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОДГОТВЕНОСТ И ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ**

Преку организациона поставеност се дефинира обемот на работите и задолженијата на диреkните учесници вклучени во реализација на оваа Програма како и начинот на нивно делување.

Кординирањето на активностите во зимски услови го врши **Кординативно тело** формирано од градоначалникот и составено од представници на Комисија за урбанизам ,комунални работи и заштита на животна средина на Советот на Општина Крушево, јавната администрација на Општина Крушево, Јавното предпријатие „Комуна” Подрачна станица за внатрешни работи и Дирекција за заштита и спасување Крушево

**2.1 СОВЕТ НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

Ја усвојува оваа Програма и исто така :
-Обезбедува средства за реализација на програмата со нејзино усвојување
-Го контролира извршувањето на оваа програма,

**2.2 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА ОПШТИНА КРУШЕВО**

- Одлучува за вклучување на градежната механизација од градежните претпријатија врз основа на извештаите од избраните и ангажирани учесници во зимското одржување на улиците и општинските патишта;
- Ги кординира активноста на сите задолжени субјекти во извршувањето на задачите од Програмата;
-Преку средствата за јавно информирање, информира за работата на Зимското одржување на улиците и општинските патишта и обврските на учесниците;

**2.3 Организации вклучени во реализација на Зимското одржување на улиците и општинските патишта во Општина Крушево**

- Реализираат дел од Програмата за функционирање на Зимското одржување на улиците и општинските патишта ;
- Склучува Договор со Управа за хидрометереолошки работи за добивање на временски прогнози
- Организира редовни дежурства со потребна опрема и алати, резервни делови и стручен кадар за обезбедување на сопствената механизација за дејствување;
- Одговорните работници на дежурство вршат потребни контакти со сите одговорни субјекти и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани;
- Обезбедува склдирање, растурање и вградување на сол песок и други материјали;
- Ги припремаат возилата и машините и другата потребна механизација и ја доведува во исправна состојба за дејствување во зимски услови и врши тековно одржување ;
- Ги оспособува канализацијата и сливниците за прием на поголеми количини вода во зимски услови ;
- Обезбедува потребни резервни делови за поправка на механизацијата;
- Со специјални машини ,опрема и работна рака врши посипување на индустриска сол за отстранување на подмрзнатицата од коловозните површини;
- Секојдневно и редовно го информираат организаторот – нарачателот за зимското одржување на улиците и општинските патишта;
- Води целосна документација за Зимското одржување на улиците и општинските патишта ;
- Доставува месечен распоред на лица за дежурството со податоци за работна рака и механизација, најдоцна до 25-ти во тековниот месец до Општината Крушево;
- Врши крпење на евентуални дупки на коловозот по барање на нарачателот ;
- Изготвува завршен Извештај и истиот го доставува до Советот на Општината

**2.4 ГРАДЕЖНА ОПЕРАТИВА**

За видот и обемот на вклучувањето на мерханизацијата на градежните предпријатија одлучува и ја ангажира **Кординативното тело на Општина Крушево** .Расчистување на снегот со оваа механизација се врши според плановите за разчистување на сообраќајниците во Општина Крушево.

Целосната документација за учество на градежната оператива ја води ангажираната фирма и кординативно тело преку задолжените лица и тоа за присуство на механизацијата, времето на вклучување, реализираниот број на работни часови и квалитетот на извршените задачи.

**2.5 НАДЗОРЕН ОРГАН**

Надзорен орган ги врши сл. работи:

-Ја следи работата на извршителите на работите и за тоа изготвува комплетна документација ;

-Соработува со Органите и телата на Советот на Општината и другите, Дирекција за спасување и заштита, Министерство за внатрешни работи на територија и др. учесници , предпријатија , заедници и граѓани.

-Дава налози за работа на фирмите на кои е отстапена работата;

-Врши и други работи и работни задачи во врска со реализација на програмата.

**2.6 Полициска станица Крушево – СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА ПРИ ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ**

Го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатата состојба на сообраќајниците и секогаш ке биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти .Во исключителни случаи кога е загрозена безбедноста и нормалното одвивање на сообраќајот може да даде налог на ангажирани учесници во спроведување на зимското одржување за преземање на активности за оспособување на сообраќајниците или оделни делови (критични точки).Исто така врши отстранување на паркираните возила како би се овозможило чистење на улиците.

**2.7 ЈП,, КОМУНА,, КРУШЕВО**

-Покрај своите редовни активности врши расчистување од снег на пристапите до контејнерите за смет и околу нив;

-Ги разшчиствува пешачките зони, тротоарите и пешачките пристапи до објектите кои се од витално значење, а се предвидени со оваа Програма, како и други јавни површини;

-Врши сечење и отстранување на паднати дрва и гранки;

-Го отстранува снегот и пристапните патеки во паркот и спомен обележјата во градот, патеките во гробиштата и други работи поврзани со зимското одржување на улиците и општинските патишта ;

-Обврските на ЈП,,Комуна" Крушево предвидени од оваа точка се покриваат од цената на ѓубретарината ,освен потребите од индустриска сол.
-Контролата врз работата на ЈП,,Комуна" Крушево ја врши општинскиот комунален инспектор.

**2.8 ЕВН Крушево**

-Ги презема потребните мерки за чистење на снег од надворешните електрични инсталации и објекти .

**-2.9 МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ**

-Ги презема потребните мерки за чистење на снег од надворешните ТТ уреди, инсталации и телефонски говорници.

**2.10 УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕРЕОЛОШКИ РАБОТИ**

Ги доставува извештаите и прогнозите ( дневни , неделни , месечни) за временски услови до Општината Крушево и другите ангажирани учесници во зимското одржување на улиците и патиштата .

**2.11 ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

Дирекцијата за заштита и спасување на Општина Крушево е непосредно вклучена во работата на зимското одржување, со тоа што ќе ја следи работата на истото преку благовремено информирање.
Во случај на елементарни непогоди на порачјето на Општината Крушево во зимскиот период, кои не ќе можат да се разрешат со организираноста на зимското одржување во оваа Програма, Дирекцијата за заштита и спасување на Општина Крушево прогласува вонредна состојба и во тој случај и непострeдно раководи со акциите за отстранување на последците.Во вакви случаи трошоците ке бидат на товар на Општината Крушево или од други извори кои ке ги утврдат надлежните органи.

**2.12 Претпријатија, заедниците и граѓаните сопственици** , односно корисници на деловни згради и деловни простории (Стоковна куќа ,ресторни ,кафани, хотели и нивни паркиралишта, ,продавници, и сл.) преземаат мерки за чистење на снегот и голомразицата пред своите објекти.

**2.13 Граѓани односно сопственици**, преземаат мерки за чистење на снегот од покривите ,терасите при што се води сметка за безбедноста на минувачите , надворешните инсталации и сообраќај .Исчистениот снег се собира пред зградите и објектите на начин што обезбедува непречен сообраќај.

**2.14** За сите оние кои нема да ги извршуваат потребните работи ќе се постапува според Одлуката за комунален ред.

**3 ОБЕМ НА ОДРЖУВАЊЕ**

Обемот на одржување на улиците во градот зависи од :

-густина на населеност на делови на градот;
-фрекфенција на луѓе и моторни возила .
-сообраќајници и пристапи кон објекти кои се од витално значење за градот

Коловозните површини предвидени за оспособување во зимски услови на ниво на Општина Крушево изнесуват околу **38,6 км** и нивното расчистување се одвива по следниот приоритет:
– **сообраќајници од прв приоритет заедно со пристапи**
-сообраќајници со критични точки и пристапи кон објекти кои се од витално значење за градот
– **сообраќајници од втори приоритет**
-сообраќајници од посебно значење за функционирање на сообраќајот пошироко на територија на општината
**-Општински патишта и сообраќајници низ населени места – рурални населби**
Посипување на голомразица со сол во услови кога нема снежни врнежи се врши по приоритет – сообраќајници од прв приоритет ,сообраќајници од втор приоритет и на општински патишта на територија на Општина Крушево.
Чистењето на сообраќајници и др патишта кои не се предвидени во Оперативната програма ќе се врши само во исклучителни случаеви и со посебен налог на нарачателот.

**4. ДИНАМИКА И НИВО НА ОДРЖУВАЊЕ**

Одржувањето на улиците во зимски услови се врши со ангажирање на :

- механизација
- специјални машини и опрема
- работна сила и
- средства ( сол песок и др )

Оспособување на коловозната површина се врши во зависност од временските услови. Сообраќајниците од прв приоритет ќе бидат оспособени за функционирање за 5 ( пет ) часа , сметано од моментот на престанување на врнежите, на останатите сообраќајници од втор приоритет ќе се врши по оспособувањето на сообраќајниците од прв приоритет.

**А. ПРЕГЛЕД НА СООБРАЌАЈНИЦИ И ОПШТИНСКИ ПАТИШТА СО ОПЕРАТИВНАТА ПРОГРАМА**

**I. <u>СООБРАЌАЈНИЦИ ОД 1 ПРИОРИТЕТ</u>**

| | ОПИС<br>Сообраќајница од /до | Должина |
|---|---|---|
| 1 | Главна сообраќајница→ влезот на градот → гимазијата„Наум Наумовски-Борче“→ | 2 km |
| 2 | Сообраќајница→ споменикот „Никола Карев“→ Депонијата → ул.„Никола Карев“ → „ Киро Фетак“→ | 0,7 km |
| 3 | Сообраќајница→ Градската куќа до ОУ„Никола Карев“→ ул.„Илинденска“→ ул.„Шула Мина“→ | 0,2 km |
| 4 | Сообраќајница→ раскрсница на ул.„Манчу Матак“→ ул„Коча Миленку“→ →ул„Питу Гули“→ ул„Партизанска“→ | 0,8 km |
| 5 | Сообраќајница → раскрсница на ул. „Тодор Проески“→ ул.„Никола Карев“→ Орнамента→ | 0,8 km |
| 6 | Сообраќајница од центарот на градот→до приклучокот со регионалниот пат Крушево-Прилеп на ул.„Илинденска→ул.„Никола Ѓурковиќ“→ул.„Нико Доага“→ | 1,8 km |
| 7 | Сообраќајница → од раскрсница на регионален пат за Битола(пат кон хотел Монтана заедно со паркинг просторот пред хотелот)→ хотел Илинден→ хотел Панорама→ | 1 km |
| | ВКУПНО | 7,3 km |

**I. <u>СООБРАЌАЈНИЦИ ОД 2 ПРИОРИТЕТ</u>**

| | ОПИС<br>Сообраќајница од /до | Должина |
|---|---|---|
| 1 | Сообраќајница од пекарата→до стамбена населба на ул„Томе Никле“→ | 1 km |
| 2 | Сообраќајница→ од приклучокот на ул.„Томе Никле“→ ул.„Тодор Проески“→ →до музеј на Илинденско востание→ | 0,8 km |
| 3 | Сообраќајница од приклучокот на ул„Илинденска“ и ул„Партизанска“→ →до приклучокот со ул„Коча Миленку“→ | 0,4 km |
| 4 | Сообраќајница од споменикот „Питу Гули“→ ул.„Коча Миленку“(двата крака) → | 1,3 km |
| | ВКУПНО | 3.5 km |

## ОПШТИНСКИ ПАТИШТА

| | ОПИС<br>Општински пат од /до | Должина |
|---|---|---|
| 1 | Крак с.Д.Дивјаци→Г.Дивјаци →с.П.Река→ | 1 km |
| 2 | ПР 516-локален пат с.Св.Митрани→с.Милошево→с.Пресил→с.Бучин→крак с.Врбоец | 9 km |
| 3 | РП 516-с.Алданци→с.Норово→с.Селце→ | 9,5 km |
| 4 | Крак с.Лажани→с.Борино→с.Саждево → с.Борино→с.Белушино→ с.Саждево→с.Јакреново→ | 8 km |
| 5 | Крак с.Д.Дивјаци→ | 0,3 km |
| | ВКУПНО | 27,8 km |

## Б.МЕХАНИЗАЦИЈА, ОПРЕМА, МАТЕРИЈАЛИ И РАБОТНА СИЛА

| Реден број | Име на возило или машина | Број на машини | Работници |
|---|---|---|---|
| 1. | Липкер (ICB) | 1 | |
| 2. | Трактор IMT 539<br>ТракторJohnDeer 45/50 | 2 | |
| 3. | Соларки | 2 | |
| | | | |
| Вкупно | | | Вкупно 9 |

### 5. МАТЕРИЈАЛИ ЗА СЕЗОНА 2019/2020

| Реден број | Материјали | Мерки | Количина |
|---|---|---|---|
| 1. | Индустриска сол | тони (1км/1 тон) | 80 |
| 2. | Песок ризла | М3 (1км/4 м3) | 240 |
| | | | |
| Вкупно : | | | 320 |

Програмата влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-1206/16 од 25.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-987/1 од 13.08.2021 година од Веле Богданоски од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.11.2021 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 5.000,00 (пет илјади)** денари по барање бр.08-987/1 од 13.08.2021 година од Веле Богданоски од Крушево ул.”Томе Никле” бб со ЕМБГ 0308990440004;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200002068391811, депонент Стопанска Банка АД Скопје-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.08-1206/17 од 25.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-1120/1 од 26.10.2021 година од Мате Петроски од Крушево, Советот на Општина

Крушево на седницата одржана на 25.11.2021 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

**1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 12.000,00 (дванаесет илјади)** денари по барање бр.08-1120/1 од 26.10.2021 година од Мате Петроски од Крушево ул.”Коча Миленку” бр.46 со ЕМБГ 1211969443001;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200001722206183, депонент Стопанска Банка АД Скопје-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.08-1206/18 од 25.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-1240/1 од 23.11.2021 година од Анита Соколовска од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.11.2021 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

**1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 5.000,00 (пет илјади)** денари по барање бр.08-1240/1 од 23.11.2021 година од Анита Соколовска од Крушево ул.”Коча Миленку” бб со ЕМБГ 2611983445035;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.240207018512037, депонент УНИ Банка АД Скопје-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.08-1206/19 од 25.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре. бр. стр.
1. Заклучок за објавување на актите донесени на 3-та седница на Советот на Општина Крушево …………………………………… 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 2-та седница на Советот на Општина Крушево …………………………………………………
3. Одлука за резервирање средства за експропријација на Буџетот на Општина Крушево за 2021 година ……………………..
4. Одлука за усвојување на Елаборатот за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди-град ……
5. Одлука за отварање на Спомен соба на Васил Иљоски ………………………………….
6. Одлука за утврдување на работното време во ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево …………
7. Решение за разрешување на членови на УО на Средно Општинско Училиште “Наум Наумовски-Борче” Крушево ………………..
8. Решение за именување на членови на УО на Средно Општинско Училиште “Наум Наумовски-Борче” Крушево ………………..
9. Решение за разрешување и именување на членови на УО во Здравствен Дом Крушево …………………………………………………
10. Решение за разрешување и именување на член на Надзорен одбор на ЈП “Комуна” Крушево ………………………………………..
11. Заклучок за прифаќање на Годишниот Извештај за учебната 2020-2021 година на СОУ “Наум Наумовски-Борче” Крушево …………………………………………………
12. Заклучок за прифаќање на Годишната Програма за учебната 2021-2022 година на СОУ “Наум Наумовски-Борче” Крушево …………………………………………………
13.Заклучок за прифаќање на Годишната Програма за работата на ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево за учебната 2021-2022 година …………………………………………………
14. Согласност на ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево за работа во групи со поголем број на деца, односно со помал број на деца …….
15. Програма за организирање и функционирање на зимското одржување на улици и општинските патишта на подрачјето на Општина Крушево за сезона 2021/2022 година ………………………………………..
16. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Веле Богданоски од Крушево ……………………………………
17. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Мате Петроски од Крушево ……………………………………

18. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Анита Соколовска од Крушево ……………………………………..

Редакциски одбор на Општина Крушево.